Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 21, 1 јуни 2009 година

јуни 2009 година
Штип

С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање помлад асистент за наставно-научната област музички форми на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник за наставно-научната област хемија и биохемија на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........ 5

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник по групата предмети од областа на правно-економските науки на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........ 21

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН СОРАБОТНИК - ВО ЗВАЊЕ ПОМЛАД АСИСТЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ МУЗИЧКИ ФОРМИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Наставно-научниот совет на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на седницата одржана на 10.3.2009 година, донесе решение за формирање на Рецензентска комисија во состав:

- доц. м-р Валентина Велковска-Трајановска, доцент на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, претседател;
- доц. м-р Гоце Гавриловски, доцент на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, член и
- доц. м-р Илчо Јованов, доцент на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, член.

На Конкурсот, објавен во весникот „Дневник“ на 26.2.2009 година, за избор на еден соработник во звање – помлад асистент за наставно-научната област *музички форми* се пријавија кандидатите: Насев Ленче и Зафировски Дејан.

По разгледувањето на молбите и приложената документација, Рецензентската комисија констатира дека првиот кандидат ги исполнува пропишаните услови, според Конкурсот, а вториот кандидат не ги исполнува во целост пропишаните услови, по што го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката **Насев Ленче (1976)** завршува средното музичко училиште во Штип, Инструментален оддел – виолина. Дипломира на Одделот по музичка теорија и педагогија со хорско диригирање при Факултетот за музичка уметност во Скопје, во 1998 година. Првиот дел од постдипломските студии го завршува со трудот *„Музичката форма на Ораториумот ’Похвала Кирилу и Методију’ од Томислав Зографски – синтеза на музичките традиции“*, под менторство на вон. проф. м-р Гоце Коларовски. Магистрира во 2008 година на студиската програма Музички форми со анализа на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, под менторство на ред. проф. м-р Јана Андреевска, со трудот *„За музичката форма на ’Simfonietta in Si’ од Томислав Зографски – аналитички белешки“*, со средна оценка од магистерските студии 9,60.

Кандидатката м-р Ленче Насев е вклучена во образовниот процес повеќе години, како наставник по предметот Музичко образование од петто до осмо одделение, со повеќе од осумгодишно работно искуство во воспитно-образовната дејност. Воедно има учествувано на повеќе семинари реализирани во рамките на Проектот за модернизација на образованието, меѓу кои: *„Современи и креативни методи и техники на учење и осовременување на наставата“*, *„Образовна компензација за деца од ранливи групи“*, *„Комуникациски вештини и тимска работа“*, *„Innovative Use of Primary Schools“*, како и во обуката за наставници *„Примена на стандарди за оценување на учениците“*.

Кандидатот **Зафировски Дејан (1980)** завршува средното музичко училиште во Штип, Теоретскиот оддел. Дипломира на Одделот за музичка теорија и педагогија при Факултетот за музичка уметност во Скопје, во 2003 година. Во текот на магистерските

студии го изработува трудот *„Музичкиот тематизам во симфониската свита 'Шехерезада' од Николај Андреевич Римски-Корсаков спроведен низ стандардниот романтичарски оркестарски состав“.* Магистрира во 2009 година на студиската програма Теорија на оркестрација на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, под менторство на ред. проф. д-р Томе Манчев, со трудот *„Музичкиот тематизам во кантатата 'Сердарот' од Властимир Николовски спроведен низ музичкиот инструментариум на симфонискиот оркестар“.*

Како работно искуство во биографијата на кандидатот е наведен неговиот двегодишен (2001-2003) хонорарен работен ангажман во хорот на ансамблот за народни игри и песни „Танец“ – Скопје и учеството во наставата на Факултетот за музичка уметност во Скопје, како демонстратор по предметот Основи на оркестрација (1998-2009).

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

По разгледувањето на приложените материјали од страна на кандидатите и по извршениот увид во стручното ниво со посебен акцент на наставната дејност, Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот совет на ФМУ да ја избере кандидатката **м-р Ленче Насев** за **соработник во звање – помлад асистент за наставно-научната област - музички форми на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“**.

**Рецензентска комисија**

**Доц. м-р Валентина В. Трајановска, претседател, с.р.**

**М-р Гоце Гавриловски, член, с.р.**

**Доц. м-р Илчо Јованов, член, с.р.**